ADING
состојка на секоја градба

# ДЕКОСИЛ ПЛУС

*Транспарентен премаз (лак) на метакрилатна основа за импрегнација на цементни и камени површини.*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Заштитен транспарентен премаз за подни и ѕидни површини кој дава сјаен и мокар изглед. Се користи како лак за импрегнација и подобрување на физичка отпорност на цементни подлоги и камен. Се користи за завршна обработка на бетонски подлоги со затворена структура како Подинг К и печатен бетон кои не се изложени на надворешни услови како и бетонски подлоги со затворена структура од печатен бетон кои се изложени на надворешни влијанија, ниски температури, соли на мрзнење/одмрзнување и влага. Декосил Плус формира филм кој не е паропропусен и доколку има заробена влага во подлогите може да дојде до негово лупење.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен безбоен премаз,
- ја затвара површинската структура и ги подобрува физичко- механичките својства на подлогата;
- одлична адхезија;
- водоотпорен;
- ја зголемува отпорноста на абење;
- мала потрошувачка;
- едноставна изведба.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | транспарентна вискозна течност |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 0,92-0,98g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција | EN 1062-3 | w≤0,1kg/m²h$^{0,5}$ |
| Абразивна отпорност | EN ISO 5470-1 | < 3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа II ≥10Nm |
| Време на сушење на 20°C | | |
| површински, на допир | интерна метода | 60min |
| целосно сушење | интерна метода | 150min |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35°C |
| Релативна влажност на воздухот | - | <70% |
| Механичка употреба за лесен и тежок транспорт, на 20˚C | - | по 3 дена |
| Отпорност на блага хемиска агресија | | по 7 дена |

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата за нанесување на Декосил Плус треба да биде здрава, сува, чиста, без масти, прашина, лабилни делови и кондензат, со максимална влажност од 7% и да биде отпорна на растворувачи. Температурата на воздухот и подлогата треба да биде од 5-35˚C, а релативната влажност на воздухот <70%.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар најмалку 28 дена и да има минимална јакост на притисок 25MPa со максимална влажност од 7%. Цементното млеко, остатоците од малтер, боја и масло треба да се отстранат механички или со употреба на хемиски средства. Доколку се користат хемиски средства, подлогата потоа треба темелно да се испере со вода. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Подлогата треба да е здрава и чиста за да се постигне одлична атхезија и да има минимална јакост на притисок 25MPa со максимална влажност од 7%. Отстранувањето на цементното млеко се изведува по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена и потоа подлогата темелно да се испере со вода. Доколку постојат оштетувања на подлогата тие треба да се санираат со соодветни материјали за санација. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Печатен бетон

Печатениот бетон треба да биде стар најмалку 28 дена и да има минимална јакост на притисок 25MPa. Поради примена на пудра и оплатни масла при нивната изработка потребно е детално чистење на површините затоа што овие средства ја онемозможуват врската на Декосил Плус со подлогата. По одстранување на пудрата, потребно е површината да се исчисти со разредена киселина и потоа темелно да се испере со вода. Непосредно пред нанесување на Декосил Плус максималната влажност на подлогата потребно е да биде под 7%. Декосил Плус е паронепропусен лак поради што на отворени и поголеми површини потребна е паронепропусна хидроизолација под бетонската подлога.

**ВГРАДУВАЊЕ**

За импрегнација

При употреба на Декосил Плус за импреганција, во зависност од порозноста на подлогата, производот се разредува со 5 -15% Растворувач П. Нанесувањето е со премачкување на подлогата со четка, валјак или машински со распрскување во еден слој.

Како лак

Вградувањето на Декосил Плус се изведува со премачкување на подлогата со четка, валјак или машински со распрскување во еден слој. Материјалот може да се разреди со 5% Растворувач П. Обработените површини треба да се заштитат од провев и прашина во период од 12h по вградувањето.

## ПОТРОШУВАЧКА

За импрегнација, за еден слој - 0.15-0.2kg/m²
Како премаз (лак), за еден слој: 0,15-0,3 kg/m² во зависност од порозноста на подлогата

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Лимени канти од 3kg и 15kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа во суви простории на температура од 5-35°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Да се чува подалеку од извор на топлина/искри. Рок на употреба: 9 месеци од датумот на производство.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.

Пожар: Производот е запалив.

Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Декосил Плус се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk